МРТ

*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје
***www.mrt.com.mk***

Врз основа на член 132, став 1, алинеја 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на РМ бр.184/13,13/14,44/13,101/14,132/14,142/16,132/17), член 37-н од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014 и 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018), член 66, став 1, алинеја 8 од Статутот на ЈРП Македонска радиотелевизија бр.01-765/1 од 30.01.2015 година, и член 32 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги бр. 01-2564/1 од 26.04.2018 година, Директорот на МРТ донесе:

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 04-4296/9
20 07 2018 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

за избор на кандидат по интерен оглас бр.02/2018
за унапредување на давател на јавна услуга во ЈРП Македонска Радиотелевизија

I. Кандидатот **Анета Андонова** по пат на интерен оглас бр.02/2018 со освоени 14 бода се избира на работно место ИНФ 03 04 А01 001 - Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ, Македонска Телевизија.

II. Именуваната ќе биде унапредена на работно место од ставот 1 на оваа Одлука, во рок од 5(пет) дена по конечноста на Одлуката.

III. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Директорот на МРТ поради потреба за пополнување на работно место со унапредување за Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ, а по претходно добиена согласност од страна на Министерството за финансии бр.18-907/2, 18-1769/2 и 18-2017/2 од 13.02.2018 година и согласно Годишниот план за вработување за 2018 година со бр.04-887/4 од 21.02.2018 година, објави на ден 09.07.2018 година интерен оглас бр.02/2018 со бр.04-4296/1 од 09.07.2018 година на Огласна табла на МРТ и на Веб страната на ЈРП Македонска Радиотелевизија за унапредување на давател на услуга на работно место - Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ.

Директорот на МРТ со Решение бр.04-4296/3 од 16.07.2018 година формира Комисијата за селекција за пополнување на работно место со унапредување на давател на услуга.

Комисијата за селекција и унапредување спроведе административна селекција и до Директорот на МРТ достави Записник бр. 04-4296/5 од 17.07.2018 година со прилог Список на уредни кандидати.

Согласно член 31 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги бр. 01-2564/1 од 26.04.2018 година, Директорот на МРТ спроведе интервју со уредните кандидати и со пропратно писмо бр.04-4296/6 од 17.07.2018 година достави формулари за оценување со

освоени бодови на кандидатите до Комисијата за селекција и унапредување, по што Комисијата за селекција и унапредување состави Записник со финална ранг листа бр.04-4296/7 од 17.07.2018 година и Предлог-одлука за избор на кандидат по интерен оглас бр.02/2018 со бр.04-4296/8 од 17.07.2018 година, и истите ги достави до Директорот на МРТ.

Постапувајќи по член 124 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на МРТ со Барање за добивање согласност бр. 03-4417/2 од 18.07.2018 година и обезбедено Мислење од Уредништвото на МРТ бр.02-4417/1 од 18.07.2018 година побара од Програмскиот Совет на МРТ согласност за именување на Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ на кандидатот Анета Андонова.

Согласно надлежностите утврдени во членот 124 став 2 од Законот за аудио и адуиовизуелни медиумски услуги Програмскиот Совет на МРТ донесе Одлука бр.02-4417/3 од 19.07.2018 година со која даде согласност за именување на кандидатот Анета Андонова за именување за Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ.

Врз основа на спроведената постапка Директорот на МРТ донесе одлука за избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Програмскиот совет на МРТ во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на Одлуката на Огласната табла на МРТ и на Веб страната на МРТ.

JРП Македонска Радиотелевизија
Директор на МРТ